„Носете бела облека – бидејќи таа е од најдобрите што ги имате – и во неа обвиткувајте ги вашите починати.“

Ибн Абас, Аллах нека е задоволен со него и со неговиот татко, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Носете бела облека – бидејќи таа е од најдобрите што ги имате – и во неа обвиткувајте ги вашите починати.“

[صحيح] [رواه أبو داود والترمذي وابن ماجه]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, ги советува мажите да носат бела облека, а исто така препорачува и починатите да се обвиткуваат во бело – затоа што белата спаѓа меѓу најдобрите видови облека.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65553